**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-340/5**
**Скопје, 15.06.2007 година**

**До**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на Судски совет на Република Македонија ( во натамошен текст: Советот), сметка приходи наплатени од органи, кои се прикажани на страните од 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Советот за 2005 година и е дадено негативно мислење.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

    - Ленче Софрониевска, Претседател на Судскиот совет до 15.12.2006 година,
    - Беќир Исени, Координатор на Судскиот совет од 15.12.2006 година,

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија на 25.04.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
    - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### *10.1 Неправилна примена на сметководствени политики и начела:*

10.1.1. На сметката приходи наплатени од органи евидентирани се парични средства од вработените на Републички судски совет за користење на напитоци (кафе, чај и сокови) во износ од 22 илјади денари. Согласно Упатството за начинот на постапување на корисниците и единките корисници на средства од буџетот при трезорското работење сметката приходи наплатени од органи ја носи судбината на основната сметка на буџетот на Советот, така да овие средства не требало да бидат собирани и исплатени преку оваа сметка. Поради недоволна упатеност во законската регулатива истото има влијание на финансиските извештаи на сметката приходи наплатени од органи.

Со дадената порака од страна на ревизијата извршена на финансиските извештаи за 2005 година, сметката приходи наплатени од органи престанува да функционира на ден 03.10.2006 година.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањето изнесено во точката 10.1 финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Судскиот совет на Република Македонија на ден 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањето изнесено во точката 10.1 кај Судскиот совет на Република Македонија не е остварено законско користење на средствата во финансиските трансакции на сметката приходи наплатени од органи за 2006 година.

**Скопје, 14.06.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**Судски совет на Република Македонија**
**Сметка приходи наплатени од органи**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 22 | 78 |
| **Вкупно приходи** | **22** | **78** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и други услуги | 22 | 78 |
| **Вкупно тековни расходи** | **22** | **78** |
| **Вкупно расходи** | **22** | **78** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **0** | **0** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **0** | **0** |